2
1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУ
НА СОЦИЈАЛИСТИ
...ЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 9 април 1982
БЕЛГРАД
БРОЈ 19 ГОД. XXXVIII

Цена на овој број е 40 динари. — Аконтацијата на претплатата за 1982 година изнесува 1.000 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

207.

Врз основа на член 277 став 2 од Законот за облигационите односи („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/78), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ВИСОЧИНАТА НА СТАПКАТА НА ЗАТЕЗНАТА КАМАТА

1. Должникот — организацијата на здружен труд и друга организација и заедница кои вршат стопанска дејност, како и имателите на дуќани и други поединци, кои во вид на регистрирано занимање вршат некоја стопанска дејност, ако во рокот не ја намират втасаната парична обврска произлезена од договори во стопанството, плаќаат затезна камата по стапка од 25% годишно.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 105
1 април 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Гојко Убипарип, с. р.

208.

Врз основа на член 19 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1982 година („Службен лист на СФРЈ" бр. 72/81), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА ОД ЧЛЕН 19 НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1982 ГОДИНА

1. Средствата на придонесот за станбена изградба пресметани и уплатени во 1982 година од личните доходи на функционерите и раководните работници што ги назначува Сојузниот извршен совет, ќе се користат за прибавување, адаптација и реконструкција на станови на функционерите и раководните работници што ги назначува Сојузниот извршен совет.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука пресметени и издвоени согласно со став 1 на член 19 од Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1982 година, ќе се пренесуваат на посебна сметка кај Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи.

3. Сојузниот извршен совет одлучува за користењето на средствата од точка 1 на оваа одлука

4. Средствата што не ќе се ангажираат или не ќе се потрошат во текот на 1982 година се пренесуваат во 1983 година и се користат исклучиво за извршување на програмата за прибавување на станови за потребите на функционерите и раководните работници што ги назначува Сојузниот извршен совет.

5. Договори за прибавување, адаптација и реконструкција на становите од точка 1 на оваа одлука склучува Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи, согласно, со одлуките на Сојузниот извршен совет.

6. Средствата на придонесот за станбена изградба од личните доходи на функционерите и раководните работници што ги назначува Сојузниот извршен совет пресметани за 1981 година и уплатени на посебна сметка кај Сојузниот секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа, согласно со точка 3 на Одлуката за условите за користење на средствата на придонесот за станбена изградба („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/81), ќе се пренесат на посебна сметка кај Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи и ќе се користат во согласност со одредбите на оваа одлука.

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 106
25 март 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Звоне Драган, с. р.

209.

Врз основа на точка 6 од Одлуката за условите и начинот на користењето на средствата од Буџетот на федерацијата за 1981 година за покритие на обврските за повластено возење во патничкиот сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/82), во спогодба со претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски, сојузниот секретар за финансии издава

НАРЕДБА
ЗА НАЧИНОТ НА ИСПЛАТУВАЊЕТО НА НАДОМЕСТ ЗА ИСКОРИСТЕНИТЕ БЕСПЛАТНИ И ПОВЛАСТЕНИ ВОЗЕЊА ВО ПАТНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ ВО 1982 ГОДИНА И ЗА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ШТО СЕ ПОДНЕСУВА КОН БАРАЊЕТО ЗА ИСПЛАТА НА ТОЈ НАДОМЕСТ

1. Надоместот за извршениот превоз на лица во 1982 година, што имаат право на бесплатно односно повластено возење во патничкиот сообраќаји(во

натамошниот текст: повластено возење) организацијата на здружен труд што се занимава со превоз на патници во јавниот сообраќај (во натамошниот текст: сообраќајната организација) го остварува со поднесување барање за исплата на тој надомест. Барањето се поднесува по истекот на месецот во кој е извршено повластеното возење.

Барањето за исплата на надомест сообраќајната организација го поднесува до Службата на општественото книговодство кај која има жиро-сметка.

2. Кон барањето за исплата на надоместот сообраќајната организација прилага, во два примерока, преглед на извршените повластени возења, составен врз основа на издадените возни исправи (билети) за повластено возење.

Прегледот на извршените повластени возења од став 1 на оваа точка се составува на Образецот ПВ, кој е отпечатен кон оваа наредба и претставува нејзин составен дел.

3. Кога службата на општественото книговодство од точка 1 став 2 на оваа наредба ќе утврди дека пресметката во прегледот на извршените повластени возења е исправна, а барањето за исплата на надоместот е основано, испоставува налог со кој го одобрува износот на надоместот во корист на жиро-сметката на сообраќајната организација врз товар на сметката бр. 60311-630-112 — жиро-сметка на извршувањето на Буџетот на федерацијата за 1982 година, позиција 501 — Средства за покритие на обврските за повластено возење во патничкиот сообраќај.

4. Еден примерок од прегледот на извршените повластени возења од точка 2 став 1 на оваа наредба, заедно со налогот од точка 3 на оваа наредба, службата на општественото книговодство од точка 1 став 2 на оваа наредба доставува до Службата на општественото книговодство на Југославија, која врз основа на тој преглед и на налогот ѝ ги дозначува средствата на сообраќајната организација.

Службата на општественото книговодство на Југославија води евиденција за надоместите што се исплатени во претходниот месец, по гранки на сообраќајот и по категории на корисниците на повластиците, според Образецот ПВ.

5. За исплата на надоместот за повластено возење на југословенските железници, Заедницата на југословенските железници поднесува заедничко барање за сите железнички транспортни организации на здружен труд, кон кое прилага месечен преглед на извршените повластени возења на Образецот ПВ.

6. По исклучок од одредбите на оваа наредба, надоместот за бесплатен превоз на членовите на Претседателството на СФРЈ, на членовите на Советот на федерацијата, на делегатите на Собранието на СФРЈ и на членовите на Сојузниот извршен совет ѝ се исплаќа на Заедницата на југословенските железници за сите железнички транспортни организации на здружен труд во паушален износ, утврден на начинот од точка 3 став 2 на Одлуката за условите и начинот на користењето на средствата на Буџетот на федерацијата за 1982 година за покритие на обврските за повластено возење во патничкиот сообраќај.

7. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7-2037/1-82
26 март 1982 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Петар Костиќ, с. р.

Образец ПВ

(назив на сообраќајната организација) (гранка на сообраќајот)

П Р Е Г Л Е Д

на извршените повластени возења во месец ———— 1982 година, за кои се бара исплата на надомест врз основа на Одлуката за условите и начинот на користење на средствата од Буџетот на федерацијата за 1982 година за покритие на обврските за повластено возење во патничкиот сообраќај, а за повластиците што се остваруваат врз основа на сојузни прописи

Реден број	Категорија на корисници на повластиците	Надомест на сообраќајната организација									
		Вкупен број на превезените корисници	Вкупен износ на редовните возни цени	Наплатено од корисниците на повластици по издадените билети	На име бесплатни превози (100%)	На име повластици од 75%	На име повластици од 50%	Вкупно 6+7+8	Надомест за превоз на ортопедски колички и помагала	Надомест за превоз на посмртни останки на ВИ	Вкупен надомест (9+10+11)
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
1	Членови на Претседателството на СФРЈ, делегати на Собранието на СФРЈ и членови на Сојузниот извршен совет										
2	Членови на Советот на федерацијата										
3	Народни херои										

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
4	Носители на „Партизанска споменица 1941"										
5	Борци на Шпанската национал-ноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година										
6	Лица одликувани со Орден „Караѓорѓева ѕвезда со мечеви, со Орден Бел орел со мечеви, и со Златен медал на Обилиќ-установен во Црна Гора 1851 година										
7	Воени инвалиди и уживатели на семејна инвалиднина										
	ВКУПНО:										

Дека овој преглед е составен врз основа на издадени возни исправи за повластено возење во патничкиот сообраќај тврдат:

(место и датум) (шеф на сметководството) (индивидуален работоводен орган, односно претседател на колегијалниот работоводен орган)

210.

Врз основа на член 329, во врска со член 98 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 20/79), Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА АМАТЕРСКА ГРАДБА НА ВОЗДУХОПЛОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува аматерската градба на воздухоплови за определени категории и намени на воздухопловите, како и техничките и другите услови за аматерско градење на воздухоплови.

Член 2

Воздухоплови можат аматерски да градат: организации на здружен труд, други организации, општествено-политички заедници или други заедници, односно друго општествено-правно лице, како и државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или југословенски граѓански правни лица (во натамошниот текст: градителот).

Член 3

Аматерски можат да се градат само воздухоплови од општа категорија, воздухоплови полесни од воздухот и посебна категорија на воздухоплови со ограничувањата од член 85 став 2 на Законот за воздушната пловидба.

Член 4

Аматерски можат да се градат сите видови воздухоплови чија намена е вршење на спортска дејност, туризам или обука на летачкиот персонал, како и вршење на испитувања.

Член 5

Аматерски градениот воздухоплов може, покрај пилотското седиште, да има најмногу три вградени седишта.

Член 6

Аматерски не можат да се градат моторот и опремата на воздухопловот.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, аматерски може да се врши адаптација на хомологирани невоздухопловни мотори и на радиокомуникациона опрема.

Член 7

Аматерски градениот воздухоплов мора да биде стабилен, управлив и со задоволувачка цврстина така што да овозможува безбедно летање и да не ја загрозува безбедноста на лицата и на имотот на земјата.

Член 8

Аматерски може да се гради воздухоплов:

1) според сопствени цртежи и пресметки, со користење на репродукционен материјал и полупроизводи;

2) според веќе готови цртежи, со користење на репродукционен материјал и полупроизводи;

3) со доработка на незавршени делови на хомологирани воздухоплови и со нивно склопување според упатството на производителот;

4) со склопување на целосно завршени делови според упатството на производителот.

Во текот на аматерското градење на воздухоплов во тој воздухоплов може да се вгради секој хомологиран дел на воздухопловот, без оглед дали тој дел е нов или е веќе користен.

Член 9

Воздухоплов може аматерски да гради воздухопловен стручњак или лице под контрола на воздухопловен стручњак.

Воздухопловниот стручњак од став 1 на овој член мора да има завршен машински факултет и најмалку три години искуство во градбата на воздухоплови.

Член 10

Воздухопловниот стручњак од член 9 на овој правилник ги врши следните работи:

1) ја прегледува и заверува техничката документација за аматерска градба на воздухоплов;

2) во текот на аматерската градба на воздухоплов го следи начинот на примената на техничката документација на тој воздухоплов;

3) предупредува на грешките што ги утврдил во текот на прегледот на техничката документација;

4) го известува контролорот на градбата за сите неправилности уочени во текот на аматерското градење на определен воздухоплов;

5) дава стручна помош при изработката на програмата за испитување на аматерски градените воздухоплови, учествува во тоа испитување и го потпишува писмениот извештај за извршеното испитување;

6) дава писмен предлог за издавање на уверение за пловидбеноста и предлага ограничувања во користењето што се запишуваат во тоа уверение;

7) дава стручна помош во изработката на летачки прирачник и техничко упатство за начинот на одржување на воздухопловот;

8) му дава писмен извештај на Југословенскиот регистар на воздухопловите (во натамошниот текст: Регистарот) за надворешните забележувања во текот на користењето на определен аматерски граден воздухоплов, како и предлог за измена на ограничувањата во неговото користење.

Член 11

Во текот на аматерската градба на воздухоплов контрола на градбата врши овластениот контролор на градбата што ќе го определи Регистарот на предлог од градителот на аматерски градениот воздухоплов.

Контролорот на градбата од став 1 на овој член мора да има овластување за градба на I или II класа, односно овластување за градба на III класа, ако важечката дозвола за работа ја има најмалку 5 години.

Член 12

Контролорот на градбата ги врши следните работи:

1) ја контролира аматерската градба на воздухопловот во поглед на правилната употреба на материјалот и правилната примена на технолошката постапка;

2) му дава упатства на градителот во текот на вршењето на контролата;

3) ги запишува во книгата за градбата сите податоци за материјалот и за неговата употреба во сите фази на аматерската градба на воздухоплов;

4) дава писмен предлог за издавање на уверение за пловидбеноста на определен аматерски граден воздухоплов;

5) дава стручна помош при изработката на упатство за начинот на одржување на аматерски градениот воздухоплов;

6) му дава писмен извештај на Регистарот за своите забележувања во текот на користењето на определен аматерски граден воздухоплов.

Член 13

Градител може да биде и воздухопловен стручњак за градба, односно контролор на градбата ако воздухоплов гради аматерски според сопствен проект, задржувајќи ги притоа сите права и должности што за воздухопловниот стручњак односно контролорот на градбата се утврдени со овој правилник.

Член 14

Пред денот на почетокот на градбата градителот е должен до Регистарот да поднесе барање за издавање дозвола за аматерска градба на воздухоплов.

Кон барањето за издавање дозвола за аматерска градба на воздухоплов, градителот поднесува:

1) претпроект за аматерска градба на воздухоплов кој содржи: цртеж на воздухопловот во три проекции, основни податоци за воздухопловот, опис на воздухопловот, структура на погонските групи и на опремата, приближни пресметки на перформансите, податоци за најголемата дозволена тежина, за полетувањето и за положбата на центарот на тежиштето, краток опис на предвидената технологија на градбата и листа на материјалите, деловите и опремата што ќе бидат вградени во воздухопловот;

2) податоци за градителот;

3) податоци за местото на кое ќе се гради воздухопловот и за работилниците, алатот и опремата, како и за предвиденото време на градбата;

4) предлог на воздухопловниот стручњак за градба од листата на стручњаци, со негова писмена согласност;

5) предлог на контролорот на градбата, со негова писмена согласност.

Член 15

Врз основа на барањето за издавање дозвола за аматерска градба на воздухоплов и на оцената за можноста за градба според претпроектот од член 14 став 2 точка 1 на овој правилник, Регистарот издава дозвола за аматерска градба на воздухоплов.

Во дозволата за аматерска градба на воздухоплов се внесуваат:

1) името и презимето, одосно називот на градителот;

2) податоци за видот, категоријата и намената на ваздухопловот;

3) името и презимето на воздухопловниот стручњак за градба и името и презимето на контролорот на градбата;

4) рокот на важењето на таа дозвола.

Член 16

Дозволата за аматерска градба на воздухоплов се издава со рок на важење од 3 години.

За продолжување на рокот на важењето на дозволата за аматерска градба на воздухоплов се поднесува барање до Регистарот и му се дава на увид книгата за аматерската градба на воздухопловот.

Член 17

По добивањето на дозволата за аматерска градба на воздухоплов, градителот мора до Регистарот да ја поднесе на одобрение техничката документација заверена од страна на воздухопловниот стручњак за градба.

Ако градителот аматерски гради воздухоплов според сопствени цртежи и пресметки, техничката документација содржи:

1) пресметка на тежините на сите делови на воздухопловот, на корисниот товар, на горивото и мазивото и на тежината на пилотот, како и пресметка на положбата на центарот на тежиштето и на најголемата тежина на воздухопловот во лет;

2) аеродинамичка пресметка на воздухопловот вклучувајки ја и пресметката на стабилноста и управливоста;

3) цртеж на воздухопловот во три проекции, цртежи на главните склопови и посебно на компликуваните склопови, како и цртежи на деталите според кои деловите на воздухопловот можат да се димензионираат и изработат;

4) пресметка на цврстината на главните носечки елементи на воздухопловот, како и резултатите од испитувањето на крутоста на воздухопловот, ако тие елементи се невообичаени во поглед на нивната конструкција;

5) список на репродукциониот материјал, на полуфабрикатите и на готовите производи од кои се гради воздухопловот;

6) список на неопходните алати за градба (на пример: алат за заварување на склоповите, хелинзи за конечна изработка на крилата и трупот и др.);

7) опис на главните технологии на градбата.

Ако градителот аматерски гради воздухоплов според готови производителски цртежи, техничката документација ги содржи податоците од став 2 точ. 3 до 6 на овој член.

Ако градителот аматерски гради воздухоплов со доработка на незавршени делови и со нивно склопување според упатството, производителската техничка документација ги содржи податоците од став 2, точ. 3 до 6 на овој член според кои ќе се изработат или доработат деловите односно склоповите на воздухопловот.

Ако градителот аматерски гради воздухоплов со склопување на целосно довршени делови според упатството на производителот, техничката документација содржи упатство за склопување на воздухопловот со сите потребни технички податоци.

Ако аматерски се гради воздухоплов според техничката документација од ст. 3 до 5 на овој член градителот на воздухопловот е должен да ги поднесе и податоците за потеклото на проектот за проектантот на воздухопловот и за воздухопловите градени според таа документација.

Член 18

Градителот е должен да води книга за градбата на воздухопловот за сето време на градбата на воздухопловот.

Во книгата за градбата на воздухопловот се внесуваат:

1) податоците од дозволата за аматерската градба на воздухопловот;

2) скиците, мерите, видовите на материјалите и датумот на изработката на деловите и на потсклоповите на воздухопловот, резултатите од вршените испитувања и поважните забележувања;

3) податоците за употребените алати, за мерните уреди и др;

4) забележувањата на воздухопловниот стручњак за градбата;

5) скиците и постапките на изработката и мерките на изградените главни склопови:

6) резултатите на извршените функционални проби на командите и на другите системи на воздухопловот;

7) други податоци кои градителот, воздухопловниот стручњак за градба и контролорот на градбата ги сметаат како суштински.

Точноста на податоците од точ. 2, 3, 5, 6 и 7 на став 2 од овој член ја заверува контролорот на градбата.

Член 19

Градителот е должен во текот на аматерската градба на воздухоплов, а најдоцна пред склопувањето на склоповите што подоцна не можат да се контролираат во поглед на употребениот материјал, на толеранциите и на квалитетот на изработката, да го извести контролорот на градбата за потребата од контрола на деловите на тие склопови.

Податоците за извршената контрола од став 1 на овој член контролорот на градбата ги внесува во книгата за градбата на воздухопловот.

Член 20

На барање од градителот, Регистарот, по завршувањето на аматерската градба на воздухоплов, формира комисија која е должна да изврши детален преглед на аматерски граденото воздухоплов и за тоа да состави извештај, како и да предложи програма за основните испитувања на воздухопловот (испитувања на цврстината, крутоста, испитување на воздухопловот во лет и др.).

Комисијата од став 1 на овој член се состои од работник на Регистарот, од воздухопловен стручњак за градба на воздухоплови и од контролор на градбата.

Член 21

По завршувањето на градбата, аматерски граденото воздухоплов се испитува во лет.

На барање од градителот, а на предлог од комисијата од член 20 на овој правилник, Регистарот издава дозвола за испитување на воздухопловот во лет.

Кон барањето од став 2 на овој член, се поднесува следната документација:

1) книгата за градбата на воздухопловот;

2) упатството за користење на аматерски граденото воздухоплов;

3) името и презимето на лицето што ќе го врши испитувањето на воздухопловот во лет и неговата писмена согласност за тоа;

4) писмената согласност од носителот на правото на располагање со аеродромот односно летаништето на кое ќе се врши испитувањето на воздухопловот во лет;

5) полисата на осигурувањето за штета нанесена на трето лице;

6) одобрението од надлежната служба на Сојузната служба за контрола на летањето;

7) временскиот период во кој ќе се врши испитувањето на воздухопловот.

Член 22

Зависно од видот и категоријата, аматерски граденото воздухоплов мора да има најмалку:

1) сигурносни појаси за врзување на лица со јачина од 9 g однапред, 3 g нагоре и 1.5 g бочно, чие одврзување се постига со едно намерно движење;

2) висиномер, брзиномер, вариометар, покажувач на скршнувањето и на наклонот, како и компас.

Ако во аматерски граденото воздухоплов е вграден мотор, таквиот воздухоплов покрај опремата од став 1 на овој член, мора да има: мерач на обртите и пакажувач на притисокот и на температурата на маслото, мерач на количеството на горивото и друга опрема што производителот на моторот ја пропишал како неопходна.

Член 23

Испитувањата на аматерски градените воздухоплови во лет може да ги врши лице кое има најмалку — важечка дозвола за спортски пилот и најмалку 100 часови самостојно летање.

Член 24

Метеоролошките услови за време на испитувањето на аматерски градениот воздухоплов во лет мораат да им одговораат на визуелните метеоролошки услови (VMC) пропишани со Правилникот за летањето на воздухопловите („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/79).

Член 25

Испитувањето на аматерски градените воздухоплови во лет опфаќа:

1) за аматерски граден воздухоплов со мотор: 20 часови на летање и 60 слетувања; качување до плафонот на летот; лет што и одговара на најголемата автономија на летот скратен за 20 минути; летови со најголеми брзини за определени конфигурации на воздухопловот (положба на стојниот трап и на закрилците); летови под условите на граничните положби на центарот на тежиштето на воздухопловот.

Ако порано извршените испитувања на аматерски градениот воздухоплов во лет се со иста конструктивна концепција, иста големина и ист вид со приближно специфично оптоварување (количник на тежината на воздухопловот и на површината на главниот нагорничен елемент) и со приближно специфична сила (количник на најголемата сила, на моторот и на тежината на воздухопловот), а резултатите од испитувањето се позитивни, траењето на летањето може да биде намалено на 10 часови а бројот на слетувањата на 30;

2) за аматерски граден воздухоплов без сопствен погон, 5 часови летање и 20 слетувања; качување до предвиденот плафон на летот; изведување на леви и десни свртувања; качување во аерозапрега или со помош на автовител или на начинот предвиден во упатството за користење на аматерски граден воздухоплов; летови со најголеми брзини за определени конфигурации на воздухопловот (разни можни положби на нагорничните површини, крмите и на површините што создаваат отпори во летот).

Член 26

При испитувањето на аматерски градениот воздухоплов во лет не смеат да се вршат груби маневри или акробации, освен ако тоа не е предвидено со програмата за испитување.

Член 27

При секое одделно испитување на аматерски граден воздухоплов во лет е должен да присуствува најмалку еден член на комисијата од член 20 на овој правилник, а при првото испитување — сите членови на таа комисија.

Член 28

Градителот поднесува до Регистарот барање за упис во евиденцијата за аматерски градените воздухоплови.

Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува:

1) документацијата за деловите за аматерски градениот воздухоплов, ако воздухопловот се гради на начинот пропишан во член 8 став 1 точ. 3 и 4 од овој правилник, односно изјави на две лица заверени во надлежниот суд за потеклото на деловите на воздухопловот;

2) книгата за градбата;

3) дозволата за аматерската градба на воздухопловот;

4) царинската декларација за увезен мотор и за увезени делови на воздухопловот.

Член 29

Градителот поднесува до Регистарот барање за издавање уверение за пловидбеноста на аматерски градениот воздухоплов.

Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува:

1) дозволата за испитување на аматерски градениот воздухоплов во лет;

2) извештајот на комисијата од член 20 на овој правилник за резултатите од испитувањето на аматерски градениот воздухоплов во лет, со предлог за ограничување во користењето на тој воздухоплов;

3) полисата на осигурувањето за штета нанесена на трето лице;

Член 30

На аматерски градениот воздухоплов мораат на видно место, покрај пропишаните ознаки, најмалку на две страни да се испишат знаците на регистрацијата на аматерски градениот воздухоплов, како и натписот: „аматерски граден воздухоплов."

Член 31

Ако воздухопловот е аматерски граден пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, Регистарот формира комисија што ќе ја утврди способноста на аматерски градениот воздухоплов за безбедна воздушна пловидба и ќе ја определи програмата за испитување на таквиот воздухоплов во лет.

Член 32

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ."

VI/1 Бр. 58/1
22 март 1982 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет
за сообраќај и врски,
Анте Зелиќ, с. р.

211.

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/81), Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ШТО МОРААТ ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ШТО ПУШТААТ ЛЕКОВИ ВО ПРОМЕТ, ОДНОСНО ШТО ВРШАТ ИСПИТУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЛЕКОВИ ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ ВО ВЕТЕРИНАТА

Член 1

Организациите на здружен труд што произведуваат лекови за употреба во ветерината (во натамошниот текст: лекови) заради нивно пуштање во промет на големо, мораат да ги исполнуваат следните услови:

1) да имаат работници со висока стручна подготовка, со положен стручен испит и со најмалку едногодишно работно искуство во производството на лекови, под чиј надзор се произведуваат лековити супстанции, се изработуваат готови лекови и се контролираат, чуваат и издаваат лекови;

2) да имаат работници со висока стручна подготовка (ветеринарски, медицински или фармацевтски факултет со постдипломско усовршување од областа на имунобиологијата), под чиј надзор се врши производство и промет на биолошки препарати;

3) да имаат работници со висока стручна подготовка ветеринарски или фармацевтски факултет и положен стручен испит), под чиј надзор се врши прием, сместување, чување и издавање на лековити супстанции и готови лекови;

4) да имаат работници со висока, виша или средна стручна подготовка за работа врз квалитативна и квантитативна физичко-хемиска, имунобиолошка и фармаколошко-токсиколошка контрола на квалитетот на произведените лекови.

Член 2

Организациите на здружен труд од член 1 на овој правилник мораат да имаат:

1) простории за прием на суровини;

2) склад за сместување на суровини со издвоен дел — карантин на суровини;

3) простории за производство на лекови;

4) простории за привремено сместување на полупроизводи;

5) простории за испитување и контрола на квалитетот на лековите;

6) складови за сместување и чување на готови лекови, со издвоен дел — карантин на готови лекови;

7) посебно обезбедени простории, односно простории за складирање на:

— антибиотици;

— имунобиолошки препарати;

— запаливи и експлозивни материи;

— опојни дроги и готови производи што содржат опојни дроги;

— суровини и готови производи што припаѓаат на групата отрови;

8) просторија за испраќање на готови лекови;

9) санитарни простории, со гардероба.

Член 3

Просториите од член 2 на овој правилник мораат да ги исполнуваат следните услови:

1) да се градежно-технички погодни за намената за која се определени, односно видовите, подовите и таваните да имаат мазни површини, изработени од погоден материјал што не е подложен на пукање, ронење ниту влага, како и да можат брзо и лесно да се чистат а, по потреба, и дезинфицираат;

2) да се осветлени, проветрени, аклиматизирани со температура и влага непоходни за производство и за исправна работа на уредите, како и за правилно и безбедно сместување и чување на суровини, полупроизводи и готови лекови;

3) во поглед на просторот и распоредот на опремата и уредите да ги задоволуваат потребите за непречено вршење на процесот на работата во сите негови фази без ризик и без можност за замена или мешање на различни лекови и нивни компоненти;

4) ако процесот на производството се врши во повеќе простории, тие мораат да бидат непосредно поврзани така што производството да се врши без какви и да е опасности за квалитетот на лекот;

5) да овозможуваат транспорт на суровини и лекови.

Член 4

За производство на стерилни лекови мораат да се обезбедат посебни простории кои ги исполнуваат следните услови:

1) да се снабдени со филтриран и стерилен воздух под притисок, повисок од притисокот во соседните простории;

2) да обезбедуваат потребен степен на затворање на прозорците, вратите и другите отвори и пристапот во тие простории да биде можен само преку:

— просторија за соблекување и оставање на нестерилна работна облека;

— просторија за миење и деконтаминација;

— просторија за облекување на стерилна работна облека и за ставање маска и ракавици.

Во просториите од став 1 на овој член вратите мораат да се отвораат спрема чистата просторија, а притисокот мора постепено да паѓа спрема загадената просторија.

Во текот на производството на стерилни лекови мора да се проверува микробиолошката чистота на воздухот и на просториите.

Член 5

Организациите на здружен труд што се занимаваат со производство на препарати од биолошко потекло (дијагностички средства, серуми, вакцини) освен просториите од член 4 на овој правилник мораат да ги имаат и следните простории:

1) засебни простории за сместување на нетретирани и третирани животни, со карантин;

2) простории со уреди и опрема за уништување на вирулентен бактериолошки материјал и на заразени животни;

3) простории со опрема за имунобиолошка и токсиколошка контрола на препарати од биолошко потекло.

Просториите од став 1 на овој член мораат да ги исполнуваат и условите од чл. 3 и 4 на овој правилник.

Член 6

Организациите на здружен труд од член 1 на овој правилник мораат да имаат соодветна опрема што ги исполнува следните услови:

1) да е погодна за употреба, според техничките карактеристики и капацитетот;

2) да овозможуваат редовно одржување и чистење;

3) да обезбедуваат заштита од секакво загадување во процесот на производството;

4) да обезбедуваат постојана сигурност во текот на производството;

5) во текот на производството да е обележена со видни ознаки што содржат назив, број на серијата и други податоци за лекот.

Член 7

Организациите на здружен труд од член 1 на овој правилник се должни за секој лек што ќе го произведат, да изработат и писмена спецификација на опремата што се користи во процесот на производството на лекот.

Еден примерок на спецификацијата од став 1 на овој член чува работникот под чиј надзор се врши производството на лекови и тој примерок им е достапен на органите надлежни за вршење надзор.

Член 8

Органазицијата на здружен труд за контрола на квалитетот на лековитите супстанции и на готовите лекови од член 1 на овој правилник мора да биде оспособена, во согласност со Југословенската фармакопеја и со посебни методи да врши квалитативна и квантитативна контрола на сите лековити супстанции и полупроизводи и готови лекови во рамките на производствената програма на таа организација.

Член 9

Зависно од видот на лекот, организацијата на здружен труд од член 8 на овој правилник мора да ги има следните простории, и тоа за:

1) хемиска, односно физичко-хемиска контрола на квалитетот на лековите;

2) контрола на микробиолошката чистота и за определување на микробиолошката активност на лековите;

3) контрола, определување и стандардизација на биолошката активност на лековите;

4) утврдување на пирогеноста, нештетноста и акутната токсичност и за други токсиколошки испитувања, како и за фармакодинамски испитувања врз експериментални животни.

5) сместување на третирани и нетретирани животни, со карантин;

6) контрола на фармацевтско-технолошките карактеристики на лековите;

7) стерилизација и асептичка работа;

8) сместување на мостри врз кои се испитува стабилноста и се утврдува рокот на трајање (склад), како и посебни складови за сместување на други материјали, суровини и хемиски средства;

9) санитарни простории, со гардероба.

Просториите од став 1 на овој член мораат да ги исполнуваат и условите од член 3 на овој правилник.

Член 10

Организацијата на здружен труд за контрола на квалитетот на лековитите супстанции и готовите лекови од член 1 на овој правилник мора да има опрема погодна за изведување на физичко-хемиска, механичко-технолошка, микробиолошка и биолошка контрола на квалитетот на леквите според методите што ги пропишува Југословенската фармакопеја и според посебни методи прифатени во постапката за регистрација на готов лек.

Член 11

Организациите на здружен труд што се занимаваат со увоз на лекови мораат да ги исполнуваат следните услови:

1) да имаат работници со висока стручна подготовка (ветеринарски или фармацевтски факултет и положен стручен испит) под чие раководење и надзор се врши прием, сместување, чување и издавање на лекови;

2) да имаат простории за прием на лекови и простории за сместување на лекови со посебен дел — карантин за лекови чиј квалитативен и квантитативен состав се проверува пред пуштањето во промет.

Просториите од став 1 точка 2 на овој член мораат да ги исполнуваат и условите од член 3 на овој правилник.

Член 12

Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на лекови на големо мораат да имаат работници што имаат ветеринарски или фармацевтски факултет и положен стручен испит под чиј надзор се врши прием, сместување, чување и издавање на лекови.

Член 13

Организациите на здружен труд од член 12 на овој правилник мораат да ги имаат следните простории:

1) просторија за прием на лекови и други материјали;

2) карантински склад за привремено сместување на лекови што се под квалитативна контрола;

3) складишен простор за сместување и чување на лекови на температура до + 5°C;

4) складишен простор за сместување и чување на лекови на температура до + 15°C;

5) склад за сместување и чување на лекови на собна температура до + 22°C, посебно за готови лекови, а посебно за суровини;

6) посебно обезбедени простории или простории за складирање, пропишани во член 2 точка 7 на овој правилник;

7) склад за санитетски материјал и ветеринарска опрема;

8) склад за аптекарски амбалажен материјал;

9) просторија за размерување на лековити супстанции;

10) просторија за миење на садови и прибор;

11) просторија за испраќање на лекови;

12) санитарни простории, со гардероби.

Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на лекови на големо се должни покрај просториите од став 1 на овој член, да имаат и простории за контрола на лекови.

Просториите од став 1 на овој член мораат да ги исполнуваат и условите од член 3 на овој правилник.

Член 14

Организациите на здружен труд од член 12 на овој правилник мораат да имаат прибор и опрема што обезбедуваат правилно сместување и чување на лекови, како и опрема и прибор за размерување и пакување на лекови во согласност со Југословенската фармакопеја и со посебните методи што се применуваат во постапката за регистрација на лекови.

Член 15

Организациите на здружен труд што вршат лабораториско испитување и контрола на лекови што се пуштаат во промет и кои вршат контрола на лекови во прометот, мораат да ги исполнуваат следните услови:

1) да се специјализирани и овластени за лабораториско испитување, контрола и посебна контрола на лековите што се пуштаат во промет или се наоѓаат во промет;

2) во поглед на кадрите и техничката опременост. да можат самостојно да вршат испитување на лекови, за што мислење дава стручна комисија;

3) да имаат работници со висока, виша и средна стручна подготовка што работат врз квалитативно и квантитативно физичко-хемиско, фармацевтско-технолошко, биолошко, микробиолошко и токсиколошко-фармакодинамско испитување на лековите што се пуштаат во промет, или се наоѓаат во промет:

4) да ги имаат следните простории, и тоа за:

— физичко-хемиско испитување и контрола на лекови;

— испитување и контрола на микробиолошката чистота и микробиолошката активност на лековите;

— испитување на акутната токсичност и пирогеноста и други токсиколошки испитувања, како и за фармакодинамски испитувања врз експериментални животни;

— испитување и контрола и определување на стандардизацијата на биолошката активност на лековите;

— сместување на третирани и нетретирани животни, со карантин:

— испитување на фармацевтско-технолошките карактеристики на лековите;

— стерилизација и асептична работа;

— сместување и чување на мостри врз кои се испитува стабилноста и се утврдува рокот на траење на лековите (склад), како и складови за сместување на реагенси и друга опрема;

5) санитарни простории, со гардероби.

Просториите од став 1 на овој член мораат да ги исполнуваат и условите од член 3 на овој правилник.

Член 16

Организациите на здружен труд од член 15 на овој правилник мораат да имаат опрема со која можат квалитативно и квантитативно да се извршат сите физичко-хемиски, механичко-технолошки, биолошки, микробиолошки и токсиколошко-фармакодинамски испитувања на лекови што ги пропишува Југословенската фармакопеја, а што се вршат според методите за испитување и контрола на лекови пропишани за постапката за регистрација на лекови.

Член 17

Организациите на здружен труд што вршат клинички испитувања на лекови заради нивно пуштање во промет мораат да ги исполнуваат следните услови;

1) да се специјализирани ветеринарски организации на здружен труд овластени за клиничко испитување на лекови заради нивно пуштање во промет;

2) во поглед на кадрите и техничката опременост да можат самостојно да вршат клиничко испитување на лекови за што мислење дава стручна комисија;

3) да имаат работници со висока, виша и средна стручна подготовка што работат врз клиничко испитување на лекови заради нивно пуштање во промет;

4) да ги имаат следните простории:
— биохемиска лабораторија;
— микробиолошка лабораторија;
— вирусолошка лабораторија;
— паразитолошка лабораторија;
— просторија за сместување на лабораториски животни;
— склад за сместување и чување на мостри на лекови што се испитуваат;
— санитарни простории, со гардероби.

Просториите од став 1 на овој член мораат да ги исполнуваат и условите од член 3 на овој правилник.

Член 18

Организациите на здружен труд од член 17 на овој правилник мораат да имаат опрема што овозможува комплетен клинички преглед на животни заради утврдување на дијагнозата и опрема за биохемиски, бактериолошки, вирусолошки и паразитолошки испитувања.

Член 19

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1697/1
9 март 1982 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
инж. **Милован Зидар**, с. р.

212.

Врз основа на член 56 став 3 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/81), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ПРОМЕТ НА СИТЕ СЕРИИ ОД ЛЕКОТ METACIKLIN СИРУП, ШИШЕНЦЕ СО 60 ml СИРУП, ПРОИЗВОД НА „ПЛИВА" — ЗАГРЕБ

1. Се повлекуваат од промет сите серии од лекот METACIKLIN сируп, шишенце со 60 ml сируп, производ на „Плива" — Загреб, врз основа на решението бр. 07-446 од 22 февруари 1982 година за укинување на решението бр. 6-5831/1 од 31 октомври 1972 година за одобрение за пуштање на тој лек во промет.

2. Организациите на здружен труд кај кои се наоѓа лекот од точка 1 на ова решение се должни сите затекнати количини на лекот од таа точка комисиски да ги уништат во рок од осум дена од денот на објавувањето на ова решение во „Службен лист на СФРЈ".

3. Ова решение се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. У-07-446
22 февруари 1982 година
Белград

Заменик-претседател
на Сојузниот комитет за
труд, здравство и
социјална заштита,
Мила Горѓиќ, с. р.

213.

Врз основа на член 56 став 3 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/81), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ПРОМЕТ НА СИТЕ СЕРИИ ОД ЛЕКОТ METACIKLIN СИРУП, ШИШЕНЦЕ СО 60 ml СИРУП, ПРОИЗВОД НА „БЕЛУПО" — ЛУДБРЕГ

